РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**Број 1197**

Скопје, 15 август 2019 година

10. **Приговор** на Рефератот за избор на 3 асистенти по предметот **Интерна медицина,** на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот бр. 1195 од 1.7.2019 година, поднесен од **д-р Марија Живковиќ**......128-135
11. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на 3 асистенти по предметот **Интерна медицина,** на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот бр. 1195 од 1.7.2019 година......136
12. **Приговор** на Рефератот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметот **Интерна медицина и кардиологија,** на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот бр. 1196 од 15.7.2019 година, поднесен од **насл.вонр,проф.д-р Магдалена Отљанска**......137-138
13. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметот **Интерна медицина и кардиологија,** на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот бр. 1196 од 15.7.2019 година......139-140

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на медиумите и јавното мислење во решавањето на конечниот статус на Косово во периодот 1989-1999** од **м-р Насер Ругова,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје......141-147

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Природно-математичкиот факултет (**Томе Јовановски, Елизабета Стојановска, Александра Пешевска Тодорчевска, Мартина Богојовска, Елена Ангеловска**)......148-149

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научната област (дисциплина) стоматолошка протетика на катедрата за стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Сашо Јовановски, научен соработник**)......150-165
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Тераписки ефекти на озон гас во третманот и превенцијата на бисфосфонатната остеонекроза на вилиците** од д-р Мирјана Марковска Арсовска, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје......166-174
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Микропропустливоста и јачината на врската кај композитните материјали со примена на различна техника на апликација** од **д-р Емилија Костадиновска,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје......175-180

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област патолошка физиологија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**доц. д-р Ирена Целеска**)......181-196
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**д-р Билјана Стојановска-Димзоска, научен соработник**)......197-214

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) драматургија на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**д-р Ана Стојаноска**)......215-228

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) планирање на семејството, современите предизвици на семејствата во Европа, семејството во стратегиите на ЕУ на Филозофскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Македонка Радуловиќ**)......229-248

***Прилоī бр. 2***

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ПЛАНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО, СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО ЕВРОПА, СЕМЕЈСТВОТО ВО СТРАТЕГИИТЕ НА ЕУ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, објавен во весниците „Коха“ и „Нова Македонија“, на 28. 5. 2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) планирање на семејството, современите предизвици на семејствата во Европа, семејството во стратегиите на ЕУ, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-1478/10 од 3. 7.2019 година, донесена на XXII редовна седница одржана на 2. 7.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Аница Драговиќ, редовен професор на Униваерзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, д-р Зоран Матевски, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет и д-р Татјана Стојаноска Иванова, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) планирање на семејството, современите предизвици на семејствата во Европа, семејството во стратегиите на ЕУ, во предвидениот рок се пријави д-р Македонка Радуловиќ, доцент на Институтот за семејни студии при Филозофскиот факултет во Скопје.

**15. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Македонка Радуловиќ, е родена на 5. 1. 1981 година, во Скопје. Средно образование завршила во ДСУ „Арсени Јовков“, во 1999 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Правен факултет „Јустинијан Први“ насока новинарство. Дипломирала на 28.10.2004 година, со просечен успех 8,53.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2005/2006 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Филозофски Факултет во Скопје, Институт за социологија - постдипломски студии за европска интеграција и комуникации. Студиите ги завршила во 2009 година, со просечен успех 9,33. На 24. 3.2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Европска здравствена политика во доменот на подобрување на заштитата на правата на пациентите и нејзиното влијание врз политиката на РМ“ и се здобила со звањето магистер по европски студии за интеграција.

Докторска дисертација пријавила во 2009 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет во Скопје, Институт за социологија. Дисертацијата на тема: „Влијанието на Европската Унија врз почитувањето и остварувањето на правото на здравје во Република Македонија како фундаментален дел од човековите права“ ја одбранила на 1.12.2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Милева Ѓуровска, проф. д-р Бранислав Саркањац, проф. д-р Ило Трајковски, проф. д-р Нелко Стојаноски и проф. д-р Моме Спасовски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област доктор на европски студии за интеграција.

На 19.12.2014 година е избрана во звањето доцент на Филозофскиот факултет, Институт за семејни студии, во областа семејството во стратегиите на ЕУ, семејството и образовните институции во ЕУ и планирање на семејството.

Во моментот е доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен на УКИМ бр. 1088 од 14.11.2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен/билтени бр. 1088/14, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 16. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет – Институт за семејни студии, кандидатката д-р Македонка Радуловиќ изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Семејни студии, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филозофски факултет.

Во периодот од февруари 2015 до мај 2019 година, Македонка Радуловиќ одржува настава и вежби на следниве предмети на прв циклус студии на студислата програма Семејни студии: Семејството и религијата (задолжителен предмет), Семејните вредности и моралот (задолжителен предмет), Семејството и здравјето (задолжителен предмет), Семејството во стратегиите на Европската унија (задолжителен предмет), Семејството во образовните институции (задолжителен предмет), Општествените аспекти на родителските улоги (задолжителен предмет), Системот за здравствена заштита и семјеството (задолжителен предмет).

Во рамките на Институтот за семејни студии, на новоакредитираната програма на прв циклус студии Семејни студии (која почна со работа од учебната 2018/2019 година), доц. д-р Македонка Радуловиќ учествува во подготовка и реализација на следниве предмети: Современите предизвици на семејствата во Европа (задолжителен предмет), Семејството во стратегиите на Европската Унија (задолжителен предмет), Семејно здравје и здравствена заштита (задоложителен предмет), Семејна, брачна едукација и комуникација ( задолжителен предмет) и Традицијата во европските и македонските семејства (изборен предмет).

Доц. д-р Македонка Радуловиќ била ментор на 7 дипломски трудови. Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 21 дипломски трудови.

Д-р Македонка Радуловиќ има објавено една монографија, има подготвено пет интерни скрипти од предавања, како и три пакет материјали за предмети на прв циклус студии на студиската група Семејни студии.

Кандидатката ги извршува наставните обврски квалитетно, професионално и совесно и тоа на високо стручно рамниште. Своето знаење успешно го пренесува на своите студенти. Со студентите постапува на професионален и коректен начин. Како потврда на ова се и резултатите од анкетата за квалитетот на остварената настава, организирана од страна на Филозофскиот факултет.

Конкретните активности од наставно - образовната дејност се наведени во табелата Образец 2 кон Извештајот за избор на наставно-научно, научно, наставно-стручно звање од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Македонка Радуловиќ има објавено вкупно 14 научни трудови, како автор или како коавтор, од областа на планирањето на семејството, современите предизвици и стратегии за семејството, од кои 3 труда со оригинални научни резултати, објавен во научно списание, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска, база, 1 научен труд во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), три труда со оригинални научни резултати објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подложат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, 4 труда труда со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни акдамески собири

каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји и три труда објавени во Зборник на Високо образовна установа.

Д-р Македонка Радуловиќ е национален координатор на 1 меѓународен научен проект во рамките на европската програма COST Action Project: CA18123 под наслов The European Family Support Network. A bottom-up, evidence-based and multidisciplinary approach", а учествувала како член во 6 научни проекти, и тоа главно за теми и активности значајни за евроинтеграциските процеси со проектни активности како ментор и проектен координатор.

Кандидатката доц. д-р Македонка Радуловиќ е автор на монографијата под наслов: „Здравјето како право, здравјето како обврска“ (2018), во чија содржина во одреден дел се обработува семејството низ призмата на здравјето на неговите членови.

Својата стручност во областа на комплексниот пристап кон планирање на семејството кадидатката ја докажува и преку учество на 12 научни и стручни собири со усна презентација на трудот, како и објавени 2 апстракта објавени на меѓународни конференции.

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, може да се констатира дека д-р Македонка Радуловиќ од научноистражувачката дејност остварила 102,698 поени, и со тоа го надминала минималниот број поени (20) што се неопходни за избор во звањето вонреден професор по оваа основа.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во периодот од последниот избор, кандидатката доц. д-р Македонка Радуловиќ покажува ангажман и во однос на апликативната дејност.

Д-р Македонка Радуловиќ е член на уредувачкиот одбор на меѓународното списание: Social Sciences (SS): ISSN: 2326-9863 (Print); ISSN: 2326-988X (Online) од 2017 година.

Покажува активна вклученост во стручни собири и тоа во улога на претседател, на 4 собири на универзитети и студентски дебати во организација на Европското движење во Република Северна Македонија, Фондацијата „Конрад Аденауер“ и ЕУ Инфо центарот, во периодот од 2015 до 2018 година. Кандидатката покажува активност во меѓународните мрежи, и тоа како член на организацискиот тим на „Отворената пленарна сесија: Националната конвенција на Европската Унија и Република Македонија“ (Opening Plenary Session: National Convention on the European Union in the Republic of Macedonia), во организација на Европското движење и Министерството за надворешни работи на Република Македонија. Исто така, член е на **национална жири - комисија** за избор на најдобар говор - Натпревар во ораторство на тема: "Ја познавам ли доволно Европската Унија?", во организација на Европското движење на Република Македонија и Филозофскиот факултет во состав на УКИМ.

Кандидатката покажува активен ангажман во Европското движење на Република Мкаедонија и тоа како член во периодот од 2014 до 2018, а од 2018 година и како потпретседател.

Доц. д-р Македонка Радуловиќ успешно раководи со внатрешната организациона единица на Филозофскиот факултет, и тоа Институт за семејни студии, од 1.10.2015 до 31. 3. 2016, како вршител на должноста раководител, потоа од 1. 5.2016-14.9.2017, како раководител и мандатот е продолжен до 14. 9.2021 година. Во рамките на овој период покажува успешни активности во одбележување на Меѓународниот ден на семејството, како и други промотивни активности на самиот Институт и Филозофскиот факултет.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Филозофскиот факултет:

- Комисија за уписи 2015/2016., и 2017/2018;
- Комисија за тендерски набавки (2016);
- Комисија за квалитет на настава (2017-2021);
- Комисија за изготвување Стратегија за равој на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, за периодот 2020-2024, (2019-2023);
- Работна група за постапување по забелешки во однос на доставени студиски програми од прв, втор и трет циклус студии добиени од Одборот за акредитација на високото образование, член (2018-2021).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Македонка Радуловиќ има добиено позитивни оценки од евалуацијата од страна на студентите во изминатите години релевантни за изборот.

Евалуација 2015/16, Семејството и религијата, оценка 8,80. Евалуација 2016/17, Семејството и религијата и Семејните вредности и моралот, оценка 9,44. Евалуација 2018/19, Семејството и здравјето, 9.86; Семејството во стратегиите на ЕУ, 9,75; Семејството во мултикултурните општества, 9, 77; Современите предизвици на семејствата во Европа, 9,29.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Македонка Радуловиќ. Комисијата заклучи дека доц. д-р Македонка Радуловиќ, остварила поголем број на поени од минималните потребни (80) за избор во звањето вонреден професор и тоа од наставно-образовна 83,00, научноистражувачка 103,32 и стручно-апликативна дејност 30,50 поени, вкупно 216,81 поени.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Македонка Радуловиќ, според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови, односно: просечен успех од најмалку 8,00 на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно; научен степен доктор од областа за која се избира; објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор; претходен избор во звање доцент и поседува научни и стручни квалитети и има способност за изведување на настава на високообразовна дејност.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, доцент д-р Македонка Радуловиќ да биде избрана во звањето **вонреден професор во научната област планирање на семејството, современите предизвици на семејствата во Европа, семејството во стратегиите на ЕУ.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Аница Драговиќ с.р.
Проф. д-р Зоран Матевски с.р.
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова с.р

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Македонка Ѓорѓија Радуловиќ
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Филозофски факултет/ Институт за семејни студии
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** 5027 ПЛАНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО , 51128 ДРУГО (СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО ЕВРОПА,СЕМЕЈСТВОТО ВО СТРАТЕГИИТЕ НА ЕУ)

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8.53<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9.33<br>Просечниот успех изнесува 8.93 за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: 5027 ПЛАНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО , 51128 ДРУГО (СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО ЕВРОПА,СЕМЕЈСТВОТО ВО СТРАТЕГИИТЕ НА ЕУ) | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>*<br>1. Назив на научното списание: International Marketing Journal. Skopje<br>2. Назив на електронската база: Ebsco<br>3. Назив на трудот: The Family Model in the Context of Advertising at the Macedonian Television Programs<br>Година на објава: 2015<br>* | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Europena Journal for Social Sciences Education and Research,<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>9. Наслов на трудот: Is De Facto Partnership a Threat to Marriage? A Case Study from Macedonia<br>10. Година на објава: 2016<br>*<br>1. Назив на научното списание: International Marketing Journal. Skopje<br>2. Назив на електронската база: Ebsco<br>3. Назив на трудот: Promotion of the Family in the Political Parties 'Programs<br>4. Година на објава: 2017 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>*<br>1.Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофскиот факултет<br>2.Меѓународен уредувачки одбор; 11 члена, Србија 2, Велика Британија 1, Ирска 1, Полска 2, Германија 2, Бугарија 1, Хрватска 1,Македонија 1.<br>3. Наслов на трудот: The Need for Education of Family living.<br>4. Година на објава: 2016<br>*<br>1.Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофскиот факултет<br>2.Меѓународен уредувачки одбор; 11 члена, Србија 2, Велика Британија 1, Ирска 1, Полска 2, Германија 2, Бугарија 1, Хрватска 1,Македонија 1.<br>3. Наслов на трудот: Maternity Leave in the Republic of Macedonia (Opinions of the Young).<br>4. Година на објава: 2017<br>*<br>1.Назив на научното списание: Sociological review<br>2.Меѓународен уредувачки одбор: 7 члена; Македонија 2, Полска 1, Австрија 1, Бугарија 1, Србија 1, Хрватска 1<br>3. Наслов на трудот: The family in the transition process in th republic of Macedonia<br>4. Година на објава: 2017<br>*<br>1.Назив на научното списание: International Journal for Education, Research and Training (IJERT).<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 35,члена: Македонија 9, Србија 5, Црна Гора 1, Италија 3, Русија 3, Германија 2, Албанија 1, | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Хрватска 4, САД 1, Словенија 2, Турција 1, Бугарија 1, БИХ 1, Романија 1<br>3. Наслов на трудот: The Need for Marital Education in Macedonia.<br>4. Година на објава: 2018<br>*<br>1.Назив на научното списание: International scientific Journal CENTRUM<br>2.Меѓународен уредувачки одбор: 19 члена; Германија1, Блегија 1, Турција 1, Пакистан 1, Индиа 1, Хрватска 1, Бугарија 1, Албанија 3, Босна и Херцеговина 2, Косово 3, Македонија 4<br>3. Наслов на трудот: Sexual abuse of children and their protection<br>4. Година на објава: 2018<br>*<br>1.Назив на научното списание: Годишен зборник на Правниот факултет Универзитет „Гоце Делчев", Штип<br>2.Меѓународен уредувачки одбор: 6 члена, Македонија 2, Луксембург 1, Словенија 1, Русија 1, Бугарија 1<br>3. Наслов на трудот: The Ombudsman and the children rights in the republic of Macedonia.<br>4. Година на објава: 2018<br>*<br>1.Назив на научното списание: International Journal of Science and Arts<br>2.Меѓународен уредувачки одбор: 26 члена; Македонија 8, Бугарија 4, Хрватска 2, Србија 6, Босна и Херцеговина 2, Турција 2, Шпанија 1, Италија 1<br>3. Наслов на трудот: Artificial intelligence and family fuction and relations<br>4. Година на објава: 2018 | |
| | | |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>*<br>1.Назив на зборникот: Second International Scientific Conference Proceedings | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2.Назив на меѓународниот собир: Social Changes in the global world<br>3.Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Белгија, Косово, Русија, Бугарија, Хрватска, САД, Србија, Романија итн.<br>4. Наслов на трудот: The impact of globalization on Macedonian family<br>5. Година на објава: 2015<br>*<br>1.Назив на зборникот: Global virtual Conference Proceedings<br>2.Назив на меѓународниот собир: The 4th Global Virtual Conference<br>3.Имиња на земјите: Ирак, Индиа, Косово, Италија,Словачка, Албанија, Португалија, Шпанија, Италија,Романија,Полска, Латвиа, Белорусија, Аргентина, Грција, Финска,Србија, Азербеџан итн.<br>4. Наслов на трудот: Youth Perception on Marriage and Married Life: An Analysis from the Republic of Macedonia.<br>5. Година на објава: 2016<br>*<br>1.Назив на зборникот: Fourth International Conference Proceedings<br>2.Назив на меѓународниот собир: Social Changes in the Global World<br>3.Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Белгија, Косово, Русија, Бугарија, Хрватска, САД, Србија, Романија итн.<br>4. Наслов на трудот: New family values<br>5. Година на објава: 2017<br>*<br>1.Назив на зборникот: Fifth International Conference Proceedings<br>2.Назив на меѓународниот собир: Social Changes in the global world<br>3.Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Белгија, Косово, Русија, Бугарија, Хрватска, САД, Србија, Романија итн.<br>4. Наслов на трудот: Family and Religious Values<br>5. Година на објава: 2018 | |
| | | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: **Билтен бр.1088, 14.11.2014год.** | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат засновaн работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен

успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Македонка Ѓорѓија Радуловиќ**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филозофски факултет/Институт за семејни студии**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: планирање на семејството (50207), современите предизвици на семејствата во Европа и семејството во стратегиите на ЕУ (51128)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава од I циклус студии** | **31,40** |
| 1. | Семејството и религијата, летен семестар 2014/2015 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 2. | Семејните вредности и моралот, зимски семестар, 2015/2016 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 3. | Семејството и религијата, зимски семестар, 2015/2016 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 4. | Семејните вредности и моралот, зимски семестар, 2016/2017 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 5. | Семејството и здравјето, зимски семестар, 2016/2017 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 6. | Семејството и религијата, летен семестар, 2016/2017 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 7. | Семејните вредности и моралот, зимски семестар, 2017/2018 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 8. | Семејството и здравјето, зимски семестар, 2017/2018 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 9. | Семејството во стратегиите на Европската Унија, зимски семестар, 2017/2018 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 10. | Семејството и образовните институции, летен семестар, 2017/2018 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 11. | Општествените аспекти на родителските улоги, летен семестар, 2017/2018 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 12. | Системот на здравствена заштита и семејството, летен семестар, 2017/2018 (2*5*0,04) | 0,4 |
| 13. | Семејството во антиката, летен семестар, 2017/2018 (2*5*0,04) | 0,4 |
| 14. | Семејството во современото македонско општество, летен семестар, 2017/2018 (2*5*0,04) | 0,4 |
| 15. | Семејството во мултикултурните општества, летен семестар, 2017/2018 (2*5*0,04) | 0,4 |
| 16. | Современите предизвици на семејствата во Европа, зимски семестар,2018/2019 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 17. | Семејството и здравјето, зимски семестар, 2018/2019 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 18. | Семејството и стратегиите на ЕУ, зимски семестар, 2018/2019 (3*15*0,04) | 1,8 |
| 19. | Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2018/2019 (2*5*0,04) | 0,4 |
| 20. | Семејството и образовните институции, летен семестар, 2018/2019) (3*15*0,04) | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Општествените аспекти на родителскtите улоги, летен семестар, 2018/2019 (2*15*0,04) | 1,2 |
| 22. | Системот на здравствена заштита и семејството, летен семестар, 2018/2019 (2*5*0,04) | 1,2 |
